Прв Скопски Извиднички Одред



Годишен извештај

2017

Снежана Јанковиќ
Началник на ПСИО

1. Историја и вовед

Кратка историја за извидништвото

Основачот на Светската Организација на Скаутското Движење (WOSM) е лорд Роберт Стивенсон – Смит Баден Пауел од Гилвел – БП, роден на 22.02.1857 година во Лондон – Англија, (како шесто дете од вкупно десет деца). Останал без татко кога имал само 3 години.

Првото образование го добил од својата мајка а подоцна го посетувал училиштето Rose Hill School. Таму добива стипендија и образованието го продолжува (на 13 годишна возраст) во колеџот Чартрхаус. Според крајните резултати БП немал високи оценки во училиштето. Неколку години по завршување на колеџот БП пристапува во армијата каде што го примаат во конкуренција од 700 кандидати. По завршување на академијата во 1876 година на 19 годишна возраст, го испраќаат како поручник во Индија. Таму тој останува цели 10 години каде што развива свои вештини да набљудува, да се крие, да живее под отворено небо, да се грижи сам за себе. Подоцна заминува во Јужна Африка, од 1899-1901 година само со илјада војници под своја команда каде БП успешно ја води одбраната на градот Меифкинг. Градот е ослободен по пристигнувањето на воената помош, а БП е прогласен на национален херој. На 42 годишна возраст унапреден е во генерал-мајор. Ја организира полицијата во чиј состав влегуваат луѓе кои се способни да се движат по траги, да прават скици на места и објекти, да набљудуваат, да забележуваат и да работат со чувство на одговорност. Врз основа на стекнатото искуство ја напишал својата прва книга „Помош за извидништво“ (AIDS TO SKAUTING). Пишувал и за тамошните деца кои му помагале за пренесување пораки, давајќи прва помош на ранетите и на многу слични начини. Во тоа ја препознал желбата на момчињата да направат нешто корисно, активно да придонесат за својата земја и за нивната желба за авантура. Следниот чекор го направил на 29 Јули 1907 година со 22 (дваесет и две) момчиња- синови на свои пријатели и деца од кварот каде живеел, БП оди на кампување на островот Браунси во заливот Пуул кај Дерсет-Јужна Англија. Тој е првиот скаутски камп, кој било предвидено да трае 7 дена но продолжил и траел 10 дена, затоа што момчињата не сакале да се вратат дома. Целта на кампот била момчињата да зајакнат физички и да се научат да помагаат на другите, како да се прехранат во природа, сами

да бараат и да откриваат. Ги поделил во четири патроли: Бикови, Гаврани, Овни и Волци. Импресиониран од воодушевувањето на децата кои биле во кампот сето тоа го публикувал по една година (1908) во книгата „Извидништво за момчиња“(SCOUTING FOR BOYS). Во 1929 година за заслугите што ги имал за младите во светот воопшто, од Британската круна ја добива титулата барон и станува познат како Лорд Баден Пауел од Гилвел. Неговата сопруга во 1930 година е избрана за претседателка на Светското женско скаутско движење. Двајцата биле родени на ист датум 22.02 и по тој повод од 1926 година овој датум се прославува како Светски ден на извидниците, познат под името ден на Баден Пауел односно Thinking Day.

Тој се разделува од движењето во 1937 година за време на Светското Џамбори во Холандија пред 28 000 илјади извидници од целиот свет. Заминува во градот Ниери , Кенија каде умира на 08 Јануари 1941 год. а, последните зборови му биле БИДИ ПОДГОТВЕН (термин кој станал поздрав на извидниците).

За нас

Прв Скопски Извиднички Одред (ПСИО), уште познат како ИО Маршал Тито, е најстариот извиднички одред во Република Македонија. Формиран е есента 1952 година, за подоцна во 1953 година да се регистрира во Сојуз на Извидници на Македонија (СИМ). Во текот на годините ПСИО го има променето своето име во чест на некогашниот претседател на тогашна СФР Југославија Маршал Јосип Броз Тито, но по осамостојувањето на Република Македонија извидничкиот одредот го враќа примарното име во Прв Скопски Извиднички Одред.

ПСИО е дефиниран како невладина организација, самостојна, неполитичка, непрофитна, доброволна и воспитна организација за деца и млади, отворена за сите без оглед на националната или верската припадност. ПСИО е дел од Светското извидничко движење (WOSM) и како таков опстојува и се темели на основните вредности на Извидништвото.

Во нашето извидничко друштво, членуваат преку 100 активни извидници кои се категоризирани во повеќе возрасни групи. Извидниците од 7 до 10 години се во група на јато и се нарекуваат развигорци, од 11 до 14 години тие влегуваат во патрола и се нарекуваат помлади извидници, од 15 до 21 година формираат младински клуб на извидници и се нарекуваат истражувачи и над 21 година извидниците се нарекуваат ровери. Во ПСИО извидниците се распределени во 5 јата, 4 патроли, 2 клуба на средношколци и 1 клуб на ровери кои се водени од свои водачи, волонтери.

ПРВ СКОПСКИ ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД
FIRST SCOUT UNIT OF SKOPJE

Мисија и цел

Мисијата на извидничкото движење е да се придонесе во образованието на младите, преку систем на вредности врз основа на извидничиот Завет и Закони, да помогнат да се изгради еден подобар свет, каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството. Ова се постигнува со вклучување на младите во неформалниот образовен процес преку користење на специфичниот извиднички метод што го прави секој поединец главен агент во неговиот или нејзиниот развој. Мисијата е усвоена на Светската Извиднички конференција во Дурбан, Јужна Африка во 1999 година.

Целта на ПСИО е да влијае врз физичкиот, афективен, креативен и социјален развој на децата и младите преку извидничкиот метод кој се темели врз завет и закони, учење преку работа, личен развој, работа во мали групи, поддршка од возрасните, симболичка рамка и сето ова преку следење на основните извиднички принципи:

1. Обврска кон себе
2. Обврска кон другите
3. Обврска кон духовниот развој

Завет и Извиднички закони

Завет
„Давам чесен збор, дека ќе ја запознаам и сакам својата татковина Република Македонија дека ќе ја прифатам духовната реалност и ќе го барам нејзиното потполно значење, дека секогаш ќе им помагам на луѓето, дека ќе живеам и работам по извидничките закони“.

Развигорски закони
1. Развигорецот е добар пријател, храбар и чесен;
2. Развигорецот ги почитува своите родители и постарите;
3. Развигорецот добро учи, вреден е и несебичен.

Извиднички закони
1. На извидникот му е чест да му веруваат
2. Извидникот е корисен
3. Извидникот е добар другар
4. Извидникот е учтив
5. Извидникот е оптимист
6. Извидникот е верен и одговорен
7. Извидникот постојано учи и ги применува стекнатите знаења
8. Извидникот ја цени природата
9. Извидникот ги цени и развива духовните и културните вредности
10. Извидникот е чесен во мислите, зборовите и делата

2. Преглед на активностите во 2017

ПСИО во 2017 година зема активно учество, како и реализација на многу активности, чија цел беше промоција на извидниците како дел од општеството кое се грижи и создава здрава околина за граѓаните, едукација на децата и младите, како на локално, така и на национално ниво, младинска застапеност, стекнување на нови вештини и создавање подобар свет.

Еднодневни активности организирани од ПСИО

1) **Свечено давање Извидници завет** за новите извидници – 12.01.2017

Свеченото давање Завет е традиција за целото извидничко движење во светот. ПСИО секоја година го организира овој настан, каде преку кажување на Заветот и фрлање дрвце со своето име во логорскиот оган новите извидници и членови официјално се придружуваат кон најголемото извидничко семејство.

2) **Стекнување на вештина скијање и бордање на снег** – 28.01.2017

Оваа година за прв за категоријата Ровери го организиравме еднодневниот тим билдинг на Попова Шапка, каде извидниците заедно со своите врсници имаа шанса да научат нов спорт на снег.

3) **Хуманитарни акции по повод Светскиот ден на извидниците**

- **Посета на децата од социјално загрозени семејства од ОУ Дитуриа** во Сарај, Скопје – во реализација на јато Кактуси - 18.02.2017 година
- **Делење храна за гладните по скопските улици** – во реализација на патрола Самурајски Лемури - 18.02. 2017 година
- **Посета на децата од Домот за деца „11 Октомври“** – во реализација на јато Фикуси – 18.02.2017 година
- **Посета на децата од СОС Детското село** – во реализација на патрола Рисови – 18.02.2017
- **Донација на облека и храна на ромски семејтва** – во реализација на патрола Игуани – 18.02.2017 година
- **Посета на децата од Дневниот центар за деца од улица**, Шуто Оризари – во реализација на јато Џуџиња и јато Бувови - 20.02.2017 година

4) **Хајк за истражувачи, Кожле - Карабуниште** – 09 април 2017 година

Хајкот Кожле - Карабуниште започна од Кожле (скопско во близина на Катланово сместено во живописна природа над кањонот на реката Пчиња и се одвиваше по зелени предели покрај реките Пчиња и Вардар, а се пристигна во село Карабуниште (Велешко) во подножјето на планината Голешница за околу 2часа и 30мин со лесно движење и уживање во природата . По кратка пауза, назад кон Кожле покрај самиот влив на реката Пчиња во Вардар до манастирот

Богородица кој е изграден во карпа се вративме во Скопје.

5) <u>Посета на лабораторија Фармахем</u>

Во 2017 година во соработка со Фармахем и СИМ организиравме две посети на Лабораторијата за животна средина на Фармахем. Овие посети им овозможија нови знаења на нашите извидници, како и за освојување на вештарството хемичар.

6) <u>Пролетни Бакнежи, Прегратки "Scout Impossible"</u> Градски парк, Скопје – 14 мај 2017

Прв Скопски Извиднички Одред традиционално ја спроведе најзабавната извидничка акција Пролетни бакнежи, прегратки со под тема Scout Impossible. На натпреварот учествуваа 25 екипи, односно преку 150 извидници. Покрај одличната дружба на самото отварање на извиднички начин и го честитавме и роденденот на нашата Елена од Кактуси. Голема благодарност за поддршка упатуваме и до Жито Лукс како наши верни пријатели и до Ладна која се погрижи и оваа година извидниците да имаат освежителни пијалоци за време на целиот натпревар.

7) Преку рафтинг до почист Вардар II, Скопје - Велес – 30 мај 2017

Прв Скопски Извиднички Одред, заедно со другарите од Никулец, се пуштија на рафтинг по реката Вардар со цел да соберат барем дел од пластичниот отпад кој плови по реката и ја загадува прекрасната природа.

За извидниците од ПСИО оваа авантура со еко цел започна од железничка станица Зелениково, па се до Велес. Секако поминувањето на „букот" е најинтересниот дел во кој се ужива за време на рафтингот. Рафтингот траеше 4 часа. Часови поминати во убавата природа на Таорската клисура која нуди прекрасни пејсажи, но за жал и премногу отпад.

„Ова е продолжена акција од ланскиот проект поддржан од FOSE и Нашиот одред за чистење на Вардар од пластичен отпад. Собравме 2 ќеси полни пластични шишиња, но за жал остана уште премногу. На рутата сретнавме многу чапји, корморани, штркови кои тука живеат и жално е еден ден, како на слики да ги видиме умрени и полни со отпад", Снежана Јанковиќ, Началник на ПСИО.

„Ние како извидници се грижиме за природата и како што ни гласи мисијата да создаваме подобар свет преку систем на вредности кои им ги пренесуваме на Нашите членови, а ги имаме 80 од најмали 6 год па нагоре. Со ова секако се стремиме да бидеме и пример за нив и во тоа веруваме дека сме успешни", Зоран Шиљковски, Старешина на ПСИО.

Покрај Старешината и Началникот на ПСИО, во акцијата се вклучија нашите водачи Иван Велкоски, Виктор Гилев, Димитар Чакар, волонтерите Јана Ангеловска, Димитар Тануровски и пријателите Сања и Бојан од претпријатието Никулец.

Беше апелирано и до надлежните да се ангажираат и ИТНО да превземат мерки за чистење на реката, која претставува наше богатство.

8) Качување на вештачка карпа

Прв Скопски Извиднички Одред во 2017 година го воведе новото вештарство за качување по карпи. Сите (12) водачи организираа посета заедно со своите извидници на вештачка карпа каде имаа можност да ги научат техниките за качување на вештачка карпа.

9) Со цртеж до побезбеден свет, Јавна соба, Скопје, 09 декември 2017 година

Целта на настанот е да се соберат што е можно повеќе цртежи од места кои девојчињата и жените ги чувствуваат за небезбедни (од лична перспектива). На пример, некое место, улица која ја минуваат секојдневно, дома, училиште и слично.

10) Гоблин илегалец, Градски парк Скопје, 24 декември 2017 година

Прераснува во традиционална акција организирана од нашите истражувачи за нашите најмлади развигорци. Оваа акција има натпреварувачки карактер, на кој нашите извидници можат да покажат со кои се вештини и знаења се стекнале во областа на ориентација, култура, извидништво и слично.

Повеќедневни активности организирани од ПСИО

Во рамките на програмата на ПСИО, во текот на годината се организираат неколку повеќедневни активности и извиднички кампови

11) Зимски едукативен камп, Мокрени, Велес – 11-15.01.2017

Секоја година ПСИО за своите извидници организира 5 дневен зимски камп, кој е исполнет со работилници кои им овозможуваат на децата да се запознаат и стекнат нови вештини од полето на спортот, ориентација во простор и природа, готвење, макетарство како и разни видови на сигнализација. Во 2017 година зимскиот камп го посетија 45 извидници.

12) Тренинг за ориентација и топографија, Извиднички центар Охрид – 03-05 март 2017

Во 2017 година во соработка со СИМ, Прв Скопски Извиднички Одред организираше викенд обука на полето ориентација и топографија. Викенд обуката беше поделена на две категории,

односно за почетници и за оние кои веќе ја имаат потребната основа. На оваа школа беа поканети сите извидnички одреди од Македонија, а од ПСИО учество земаа 34 извидници и 8 водачи кои помагаа во реализирање на школата како и директно учество. Извидниците имаа можност да научат што е ориентација, како се пишува извештај, што е топографска карта, како се чита истата, да мерат азимут со помош на бусола, да цртаат кроки, профил, скица на дел од поминатa патека, итинерер и секако да се дружат и забавуваат со извидници од цела Македонија.

13) **Пролетен БИВАК во природа**, Китка - Караџица – 28 април до 01 мај 2017 година

Бивак или логорување е најчестата асоцијација на извидниците. ПСИО во текот на годината организира најмалку два, каде децата се стекнуваат со основни вештини за преживување во природа. Овој пролетен бивак се одржа на две атрактивни планински локации Китка и Караџица. Сите поздрави упатени до нашите 38 храбри извидници кои без никаков проблем за 4 часа ги искачија 14те километри од Китка - Шумско Домче до планинарскиот дом на Караџица. Овие активности се секако најголемата привилегија од процесот на учење во природа и преку работа.

14) **Летен извиднички камп**, Извиднички центар Охрид - Survivor – 01-09 јули 2017

Програмата на ПСИО се темели на стекнување нови вештини кои треба да го изградат детето во целокупна личност, спремна за продолжување на извидничката мисија, а тоа е создавање подобар свет. Летниот период секогаш го користиме за организирање летен камп, каде извидниците можат да научат и да стекнат вештини за правилно пливање, веслање, лидерски способности, работа во симболичка рамка, но и креативни работилници кои имаат за цел поттикнување на интересот во разни области. Во 2017 година нашиот извиднички камп имаше предизвикувачка тема – преживување.

15) **Есенски бакнежи, прегратки**, Мала Река, Студеничани – 22 – 24 септември 2017 година

Нашиот извиднички одред традиционално секоја година ја организира тридневната акција за истражувачи и ровери со подтема Sex Scouts & Rock ‘n’ Roll. Акцијата е од сексуално-едукативен, извиднички и рокерски карактер, каде извидниците не

само што треба да покажат што и колку имаат познавање од наведените теми, туку и шанса да научат нови работи. Методот на работа на акцијата е секогаш учење преку работа. Оваа година акцијата ја организиравме во нашето Шумско Домче, каде се собраа повеќе од 60 извидници од цела Македонија. Акцијата беше дел од Националната извидничка лига, поддржана од Сојуз на извидници на Македонија.

16) **Есенски БИВАК, викенд авантура во природа**, Градовци – 17-19 ноември 2017

Основачот на извидниците рекол „една недела престој во природа вреди шест месеци теоретска настава во училница“. Волонтерите од ПСИО покрај пролетниот, секоја година организираат и есенски бивак, односно престој во природа посветен на пешачење и откривање на убавините кои ги крие природата и шумата. Оваа година есенскиот бивак го посетија повеќе од 60 извидници кои уживаа авантура во шума. Биваkот започна со ноќен хајк зачинет со дожд, кој што секако не им претставуваше никаков проблем на извидниците. Неколку дена децата беа подалеку од модерното општество и технологија, па уживаа во шумските плодови, градеа мостови и секако го зајакнуваа извидничкиот дух. На овој бивак извидниците имаа можност да полагаат некои од стекнатите вештини како што се стреличарство и декодер.

Меѓународни активности организирани од ПСИО

17) **Младинска размена од програмата Еразмус +**, Охрид – 17-22 јули 2017

Во период од 17 до 22 јули се одржа младинската размена Wees Paraat- Биди подготвен во Извиднички Центар Охрид каде учествуваа 15 извидници од Белгија и 15 извидници од Македонија. Извидничката размена беше наменети за извидници од 16 – 20 години која им овозможи запознавање на друга култура, споделување на извиднички вештини и практики, запознавање и презентирање на својата земја, кујна, обичаи и активности. Во склоп на размената ПСИО организираше еден културен хајк на кој извидниците од Македонија имаа можност на извидниците од Белгија да им го покажат културното наследство во Охрид, како и посета со брод до Заливот на коските во Градиште и манастирот во Св Наум.

Меѓународни активности посетени од ПСИО

18) **Дијалог за мир** Мадрид, Шпанија, 08 – 11 април 2017 година
19) **Втор светски извиднички едукативен конгрес**- Кандерштег, Швајцарија, 11 – 15 мај 2017

20) **Тренинг за интегрирање на различности и инклузија во секојдневниот живот** - Борачко Езеро, Босна и Херцеговина, 13-16 јули 2017 година
21) **Национална смотра на Словенија** – Велење, Словенија 30 јули – 10 август 2017 година
22) **Мрежа за диверзитет** – Копенхаген, Данска, септември 2017 година
23) **Студиска посета „Социјална инклузија преку претприемништво“** – Брисел, Белгија, 22-27 октомври 2017 година
24) **Европска извидничка Академија** – Естергом, Унгарија 31 октомври до 5 ноември 2017
25) **Тренинг за надворешна комуникација** – Малта, 08 – 12 ноември 2017 година

Национални активности посетени од ПСИО

26) **Централен настан по повод 22 Февруари** – Скопје

Оваа година централниот настан по повод Светскиот ден на извидниците се одржа на 26 февруари. Сојуз на извидници на Македонија организираше настан за младите извидници кој започна со марш од градскиот плоштад Македонија кон средно Водно. На самата локација беа организирани раотилници, активности и игри за извидниците.

27) **Сојузување** - 10 – 12 март 2017 година

Сојузување беше настан кој СИМ го организираше со цел извидниците и младите да доживеат една заедничка авантура на планина за време на која ќе имаат можност да се стекнат со нови искуства и која ќе им овозможи на младите да се запознаат со извидништвото во Македонија преку активности и дружење. Настанот се одржа на повеќе локации, од кои една од нив е извидничкиот дом во с.Градовци во Зелениково

28) **Поздрав на пролетта** ИПО Јадран, Градски парк, Скопје – 26 март 2017 година
29) **Тренинг за раководства на одреди**, Извидnички центар Охрид – 07 – 09 април 2017 година

Тренинг за членови на раководствата на извидничките одреди на СИМ кои заедно работеа на подобрување на работата на одредите преку споделување на искуства и вмрежување. Работа на стратегија и акционен план исто така беа дел од точките кои беа покриени во агендата. Раководствата на одредите исто така се запознаа и со целосната нова извидничка програма на СИМ и новиот систем на регистрација на членови.

30) **Работилница за водачи**, Градски парк Скопје – 07 мај 2017 година

Области кои се одработија:

-Организација на време и простор за изведување на извидничките активности на отворен и затворен простор;

-Обработка на извиднички, овчарски и циркуски игри;

-Примена на игри на тема запознавање личности, места и работи + ;

-Практичен начин на учење преку игра;

-Теоретско обликување на распределба на улогите во патрола/јато.

31) **Младинска Академија 1**, Извидnички центар Охрид – 13 – 17 април 2017 година

Младинската Академија беше настан наменет за младите кои се активни во граѓанските организации и имаат желба да го надоградат своето знање за подобро водење и менаџирање во своите организации. Младинската Академија им овозможи на младите да се стекнат со вештини кои се исклучително важни за повеќе сегменти од водењето на организација, водење на иницијатива или било каков процес за акција. На академијата учесниците имаа шанса да изберат од 28 понудени тренинг сесии и да го прилагодат тренингот врз база на своите потреби и интереси притоа стекнувајќи се со потребните знаења. Преку здобиените знаења и вештини младите тие станаа подготвени да бидат лидери во организациите како и лидери на промена во општеството.

32) **Фестивал на отворено, Демир Капија** –19 - 21 мај 2017

По втор пат ПСИО на Меѓународниот фестивал на спортови во природа, Демир Капија 2017. ПСИО со 33 извидници уживаа во одличната програма на организаторите, кои и оваа година се покажаа во најдобро светло. Ви благодариме на се Фока, Битола, Тоше, Рики и секако до цел ваш тим. Се надеваме дека преку фотографиите можете да ја доловите прекрасната атмосфера. Ден 1 и 2, градење камп, и рекреативна прошетка до Копришница и водопадот.

33) **Паратисима Скопје**, МКЦ 15 – 17 јуни 2017

Оваа година ПСИО зема активно учество во популарната ПАРАТИСИМА - Интернационален саем на современа уметност посветен на поддршка и промоција на културата, уметноста и креативните индустрии. Оваа година покрај одличната програма која ја понуди Паратисима, беше вклучена и програма за деца, на која извидниците од Прв Скопски Извиднички Одред имаа своја извидничка територија на која им понудија забава на најмладите како и шанса да пробаат да стрелаат со лак, вештина која се стекнува на извидници и е дел од годишната програма на ПСИО.

34) **Водени лудории**, ИПО Галеб, Скопје – 13 јуни 2017 година

35) **VI Коло Извидничка Лига Преживување** – Скребатно, Охрид 1 – 3 септември 2017 година

36) **Септември**ски извидnички средби, ИО Мирко Милески, Кичево – 15-17 септември 2017 година

Извидниците од ПСИО и 2017 година повторно во Кичево кај домаќините извидници од ИО Мирко Милески кои го организираа VIII коло од Извидничката лига на Сојуз на Извидници на Македонија. Како и секоја година одлично организиран натпревар проследен со многу забава во извидnички дух. Од ПСИО акцијата ја

посетија 28 извидници, 6 екипи со своите водачи и се натпреварувааа во категорија развигорци и извидници. На стазата имаа повеќе контролни точки, каде нашите извидници требаше да се покажат во следниви дисциплини: јазли/чворови; пронаоѓање КТ на карта, пронаоѓање КТ во природа, извештај на дел од поминатa патека, итинерер (цртеж на движење под азимут во природа), движење под азимут во природа (минско поле), семафор (Сигнализација), тестови (извидништво, прва помош, општа култура), панорамска скица, шаторизација, стрелаштво, полигонски игри, стреличарство и палење оган.

37) **GSAT Self Assessment training** Извидnички центар Охрид, септември 2017 година

38) **Младинска академија 1.1 - Време за лидерство**

Извиднички центар Охрид, 20 – 23.10. 2017

39) **Ден на зелениот појас,** Македонско еколошко друштво, Скопје – 24 септември 2017 година

Оваа година Денот на зелениот појас се одбележа и прослави во Скопје во Градски парк.

Нашата земја како дел од иницијативата „Европски зелен појас“ повторно го одбележува овој значаен ден за природата. Иницијативата „Европски зелен појас“ стреми кон зачувување на значајните предели во Европа кои се зачувале благодарение на намаленото движење за време на студената војна. Домаќин и оваа година беше Македонското еколошко друштво кое се потруди и организираше одлични едукативни активности за сите генерации. Активностите беа конципирани во програма која ја следеше патеката околу езерцето во Градскиот парк. Преку мапа сите посетители можеа да земат учество и да ги посетат следниве точки:

1. Обој го зелениот појас – сликарска активност, 2. Водниот свет низ микроскоп – истражување на микроорганизми, 3. Креативно катче – дизајн со природни материјали, 4. Препознај го дрвото по лист – истражување на растенија, 5. Заспаниот пајак – игра за животот на пајаците, 6. Миграција – игра за животот на птиците преселници, 7. Ноќен лов – игра за животот на лилјаците, 8. Гладниот рис – игра за животот на рисовите, 9. Изгубена мравка – игра за животот на мравките. Нашиот одред со 50тина извидници, развигорци и помлади извидници, секако беше дел од овој значаен ден и голем настан.

40) **EXO Фестивал на планински филм**, Кино Милениум – 26 октомври 2016

41) **Државен Извиднички Ориентационен Натпревар ДИОН 2017**, Скопје 13 – 15 октомври 2017 година

42) **Средба за вмрежување на грантистите на Цивика Мобилитас**,

Охрид 24 – 25 октомври 2017 година

На овој настан учествуваа вкупно 186 претставници на граѓанските организации поддржани од програмата Цивика мобилитас меѓу кои и ПСИО. Фокусот на ова Средба за вмрежување беше

ставен на препознавањето на промените што ги прават организациите и нивото визуелизирање, односно начинот на кој тие промени се комуницираат со граѓаните без разлика дали се целни групи или општа јавност.

43) **Ноќ на вештерките** забава ИО Браќа Миладиновци 31 октомври 2017 година

44) **Извидниците за својот град** ИО Браќа Миладиновци, Скопје – 12.11.2016

45) **Волонтерска забава** 16 декември 2017

Во организација на Сојуз на извидници на Македонија и 2017 година беше завршена со забава и прослава посветена на сите волонтери кои секојдневно и неуморно го посветуваат своето време на извидници и градат подобар свет.

46) **Тренинг на тема Youth friendly city**, Крушево 07 – 11 декември 2017 година

3. Новости во 2017 година

Од септември 2017 година во ПСИО примивме нови 30 извидници расподелени во 4 групи и тоа: јато Бамбуси, во кое членуваат нашите најмали извидници, јато Корпиви, јато Бонсаи и патрола Лилјаци.

ПСИО на секое две години ја менува својата официјална маица/униформа, со тоа што од овој септември па се до 2019 година, официјалната боја на маиците е жолта.

И оваа година програмата ја збогативме со доделување на извиднички тотеми. ТОТЕМ во извидничката кариера е нешто ново кое започнуваме да го имплементира, а претставува важен момент во извидништвото во повеќе држави. Наш ментор во спроведувањето е извиднички одред од Белгија. Тотемите носат имиња на животни (за кои одлучивме ќе ги задржиме оригиналите, без превод), а се доделуваат според заедничките карактеристики со извидникот, кои пак ги следат поискусните извидници. Тотеми добиваат сите извидници - водачи од страна на извидник кој веќе има свој. Првите тотеми летово во Нашиот одред ги добија Старешината и Началникот, кои пак веќе доделија тотем на еден водач. За да биде уште поинтересно, освен овие информации, за ништо друго не се дискутира, ниту кога ниту како некој извидник - водач ќе добие тотем.

Новина во ПСИО е поседување на кола – југо корел 55, кое е обезбедено со штедење на приходи, а е наменето за полесно спроведување на извиднички активности и логистика.

4. Проекти

Во 2017 година ПСИО започна со пишување и спроведување проекти на локално ниво, како и да соработува со многу нови организации, но и институции.

Совесен возач и Општина Центар

Прв Скопски Извиднички Одред (ПСИО) есента 2017 година спроведе акција за подигнување на свеста кај возачите. Акцијата со име „Совесен возач“ е поддржана од Општина Центар, општина во која и се наоѓа нашиот одред. ПСИО во текот на својата работна година организира и спроведува настани од извиднички, општествен и хуманитарен карактер. Поведени од ситуацијата во Нашиот град Скопје во однос на сообраќајот, одлучивме да организираме низа активности кои ќе се спроведуваат во период од два месеци, со цел да ја подигнеме свеста на возачите за повнимателно возење и почитување на сообраќајните знаци преку директен контакт на возачите и нашите извидници. Акцијата се спроведуваше на скопските улици каде има пешачки премини, а нема семафори.

Социјална кохезија и инклузија на деца со помалку можности преку извидничкиот метод“ поддржан од Цивика мобилитас

Прв Скопски Извиднички Одред од септември 2017 година започна со имплементација на акцијата „Социјална кохезија и инклузија на деца со помалку можности преку извидничкиот метод“ поддржан од Цивика мобилитас, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) од Македонија и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU) од Шведска (мал акциски грант). Целта на акцијата, како и мисија на извидниците е да се придонесе во образованието на децата преку систем на вредности врз основа на извидничкиот Метод, да се

помогне да се изгради подобар свет, каде што тие се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во граѓанското општество. Во рамки на проектот ќе се организираат редовни извиднички состаноци со децата со помалку можности, вмрежување на истите кон најголемото младинско движење во светот; вклучување во процесот на неформално образование; правилен социјален, интелектуален, физички и карактерен развој кај децата како и стекнување на нови извиднички вештини. Акцијата ќе се спроведува десет месеци односно со почеток во септември 2017 до јуни 2018 година.

Оваа акција е предвидена да опфати 300 деца, кои до сега со само 4 месечна работа опфатени се и повеќе. На нашата официјална интернет страна може да ги погледнете сите фото галерии од нашите извиднички активности спроведени во рамки на овој проект.

Голема работа за Мала Река и Мрдни до прст

Извидниците од Прв Скопски Извиднички Одред мрднаа со прст – Голема работа за Мала Река. Благодарение на кампањата „Мрдни со прст“ придонесовме кон враќање на духот во прекрасната Мала Река, место сместено на падините на Китка и на само неколку часа од Слунска Глава. Уште на почетокот на 90тите години ова место го има маѓепсано еден од најголемите македонски планинари чичко Борче, кој воедно е и првиот домар на планинарскиот дом на Караџица. Тој бил вљубен во природата и со години ги поттикнувал младите ентузијасти да ја посетуваат. Додека живеел бил меѓу малкуте кои допринесувале во зачувувањето на инфраструктурата на селото. Пред неговата смрт во аманет ја остава неговата трошна куќа отворена за користење на сите посетители. Денес локалните жители колку можат повеќе се грижат за ова прекрасно место, но им треба помош која ние како извидници ќе ја вложиме преку труд и промоција на Мала Река, како повторно би се вратил духот на селото и би се наполнило со посетители кои ќе имаат што да видат и во што да уживаат. Нашата иницијатива Голема работа за Мала Река опфати спроведување на неколку активности кои дефинитивно ќе привлечат многу луѓе да се вратат во природа и да имаат место каде да избегаат од градскиот метеж. Повикот за волонтери кои го посетија настанот на 14 октомври 2017 година беа дел од поставување на патни знаци до селото, но и до околните убавини кои се кријат во шумата, како што се реката и водопадот. Изработка на лакирани патокази преку кои безбедно ќе може да се стигне до саканата локација, чистење на селската чешма и поставување клупа. Ова е место каде секако луѓето се сретнуваат на муабет и полнат вода. Некогаш тука имало каде да се седне и одмори, а сега веќе не. Ние ќе поставиме пристојна клупа која ќе биде функционална за користење, адаптација на шумската куќа на чичко Борче, оставена во аманет за рекреација, употреба и секогаш отворена за локалното население, ентузијастите и љубителите на природата. На оваа скромна куќа пред се потребни и се луѓе кои ќе одат и ќе престојуваат во неа. Ние се потрудивме и со многу љубов средивме, исчистивме, излакираве подот, ги офарбавме ѕидовите и најважните две работи кои недостасуваат, оспособивме простор за кујна и поставивме кревети на спрат. Покрај ова изработивме и поставивме голови за мал фудбал на блиската ледина која се протега по текот на реката.

ПРВ СКОПСКИ ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД
FIRST SCOUT UNIT OF SKOPJE

5. ПСИО во медиумите

Оваа година имавме гостување во ТВ и радио емисији, снимени неколку ТВ прилози, а нашите активности на сите полиња ги забележаа и доста интернет-онлајн сервиси на национални телевизии, дневни весници, неделни магазини, портали за наши и странски вести.

Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум на објава
Нова Македонија **Хуманитарни акции на Прв скопски извиднички одред...**	Хуманитарни акции на Прв скопски извиднички одред По повод Светскиот ден на извидниците, членовите на Прв скопски извиднички одред спроведуваат хуманитарни акции. На денешен ден е роден основачот на најголемото младинско движење во светот, Лорд ... линк до веста	22.02.2017
Вест **Сендвичи за луѓето на улица**	Извидниците од Прв скопски извиднички одред подаруваа облека, делеа сендвичи, правеа обуки и одеа во посета на деца од ранливи категории Изминатиот викенд Првиот скопски извиднички одред (ПСИО) го одбележа Светскиот ден на извидниците, 22 февруари, ... линк до веста	21.02.2017
МРТ 1 **22 Февруари Светски ден на извидниците**	Гостување на МРТ 1 по повод Светскиот ден на Извидниците. Гости во емисија: Димитар Чакар, Теодор Петрушевски, Касија Сентиќ Габер и Ангел Кочоски	22.02.2017
ТВ Сител **22 Февруари Светски ден на извидниците**	Снимање ТВ прилог во просториите на Прв Скопски Извиднички Одред со екипа од ТВ Сител. Гости Снежана Јанковиќ и Виктор Гилев	22.02 2017

ПРВ СКОПСКИ ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД
FIRST SCOUT UNIT OF SKOPJE

Дневник **Извидниците донираа облека и училишен прибор за деца**	Објавен текст во дневниот весник Дневник	22.02.2017
Кеј.мк **Ќеиф ми е да сум дел од Прв Скопски Извиднички Одред!**	По повод Светскиот ден на Извидниците 22 Февруари денот кога е роден основачот на најголемото младинско движење во светот Лорд Роберт Баден Пауел, извидниците од ПСИО се впуштија во низа хумани мисии за да помогнат колку можат и како можат. По иницијатива на најмалите извидници заедно со своите водачи, се организираа и во саботата на 18 февруари излегоа на терен да направат Добри дела. Линк до веста	22.02.2017
Нова Македонија **Хуманитарни акции на Прв скопски извиднички одред**	Извидниците, поточно јатото Кактуси во основното училиште Дитуриа поделија донирана зимска облека и училиштен прибор за децата од социјално загрозени семејства. Јатото Фикуси се дружеа со децата од домот „11 Октомври“, патролата Рисови и клубот Гоблини го посетија СОС Детското село Линк до веста	22.02.2017
Кеј.мк **Куп извидничка авантура! Рафтинг по Вардар од Зелениково до Велес**	Прв Скопски Извиднички Одред зема активно учество со 4 извидници Чаки, Ангела, Петрович и Марија заедно со повеќе од 40 други млади од цела Македонија, како и одредскиот чамец со искусен скипер кој се погрижи рафтингот како најатрактивна активност да помине безбедно но и авантуристички. Линк до веста	20.03.2017
МКД **Одбележување на Ден на зелениот појас**	Македонско еколошко друштво (МЕД) во соработка со Институтот за биологија при ПМФ, Македонско биолошко друштво, Истражувачкото друштво на студенти биолози и Првиот скопски извиднички одред од Скопје со поддршка на Фондацијата Еуронатур на 24 септември (недела) со почеток од 12 часот во градскиот парк во Скопје го одбележува Денот на зелениот појас. Линк до веста	24.10.2017

ПРВ СКОПСКИ ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД
FIRST SCOUT UNIT OF SKOPJE

Goexpl0re **„Мрднавме со прст“ ја разубавија Мала Река**	Првиот скопски извиднички одред заедно со група граѓани поставија патни знаци до селото, реката и водопадот за полесно да може да се снајдат оние кои прв пат одат во овој предел. Потоа го исчистија просторот околу селската чешма и поставија клупа до неа Линк до веста	16.10.2017
Плус Инфо **Кампања „Мрдни со прст“: Дотерување и чистење во селото Мала Река**	Првиот скопски извиднички одред мрдна со прст на место за кое не сме навикнати да го слушаме по медиуми или гледаме на интернет. Денеска нивните волонтери, заедно со мештаните од селото Мала Река учествуваа во приспособување на куќата која во наследство ја оставил жител од ова место. Линк до веста	14.10.2017
Радио МОФ **Извидниците „мрднаа со прст“ во Мала Река на Китка**	Првиот скопски извиднички одред викендов се вклучија во акцијата „Мрдни со прст“ и заедно со мештаните од селото Мала Река учествуваа во приспособување на куќата која во наследство ја оставил жител од ова место. Во рамки на иницијативата, поставија патни знаци до селото, реката и водопадот за полесно да може да се снајдат оние кои прв пат одат во овој предел. Линк до веста	16.10.2017
Facebook **Мрдаме со прст во Мала Река**	Кратко видео од иницијативата Линк до веста	14.10.2017
ТВ АЛФА	Претставници од ПСИО гости на Тв Алфа со прилог за извидништвото во Македонија и извидничката програма на ПСИО	23.10.2017

ПРВ СКОПСКИ ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД
FIRST SCOUT UNIT OF SKOPJE

6. Волонтери во Прв Скопски Извиднички Одред

Бр.	Име и презиме	Функција во Прв Скопски Извиднички Одред
1.	Зоран Шиљковски	Старешина
2.	Снежана Јанковиќ	Началник, координатор на проект, Водач на јато Кактуси, јато Бонсаи и патрола Кобаја
3.	Бојан Ѓошев	Водач на јато Бамбуси
4.	Димитар Ставрев	Водач на јато Бамбуси
5.	Ивана Манчевска	Водач на јато Коприви
6.	Владимир Камбовски	Водач на јато Коприви
7.	Димитар Чакар	Асистент на проект, водач на јато Фикуси
8.	Виктор Гилев	Асистент на проект, водач на патрола Рисови
9.	Димитар Тануровски	Водач на патрола Лилјаци
10.	Иван Велкоски	Водач на патрола Бувови
11.	Бјанка Калајџиска	Водач на клуб Игуани
12.	Бојан Манчевски	Водач на клуб Игуани
13.	Демјан Анатоли Голубов	Водач на клуб Гоблини

ПРВ СКОПСКИ ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД
FIRST SCOUT UNIT OF SKOPJE

Биди подготвен!

ПРВ СКОПСКИ ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД
FIRST SCOUT UNIT OF SKOPJE